MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 08-1671/7
30.09.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 22-тата седница одржана на ден 17.09.2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-1671/1 од 2019 година, оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, за утврдување на прекршување на одредбата од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), бидејќи по поднесено барање за поведување на прекршочна постапка е донесено решение од Прекршочната комисија во ДКСК кое станало правосилно.

Предметот со број 08-1671/1 од 18.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата, на седницата одржана на 15.03.2019 година, по сопствена иницијатива заклучи да изврши увид во својата евиденција за тоа дали поднела Анкетни листови и Изјави за интереси градоначалниците на општините во Република Северна Македонија.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба, побара информации и документација од општина Охрид.

По разгледување на добиените податоци и документација од општина Охрид и по увидот во својата евиденција ДКСК констатира дека лицето Константин Георгиевски со Одлука на Советот на општина Охрид број 08-18252/3 од 25.12.2018 година е избрано за вршител на должноста Градоначалник на општина Охрид и во законски предвидениот рок од 30 дена од изборот на функцијата не поднело анкетен лист и изјава за интереси до ДКСК.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот за прекршоците, ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог, по кој сторителот во утврдениот рок не постапи.

Од страна до ДКСК до Прекршочната комисија во ДКСК е поднесено барање за поведување прекршочна постапка, по кое од страна на Прекршочната постапка е донесено Решение број 14-3203/5 од 17.07.2019 година со кое сторителот е огласен за виновен и му е изречена прекршочна санкција – ГЛОБА во износ од 300 евра во денарска противвредност. Решението на прекршочната комисија станало правосилно на ден 06.08.2109 година.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk